# Информациите за вас се приватна работа

## Што се случува со информациите за вас додека сте корисник на услуги на оваа служба?

Име на организацијата:

### Кое сме ние?

Ние сме една од неколкуте здравствени и служби за добросостојба во вашата област, кои соработуваат за да ги задоволат вашите потреби.

### Кои информации ги собираме за вас?

Во евиденцијата за вас како корисник на услуги, ние ги чуваме вашето име и презиме, и податоците за контакт. Други податоци, како што се вашиот план на нега или случај и информации за услугите што ги добивате, се запишуваат секојпат кога нé посетувате.

### Зошто ги собираме вашите информации?

Информациите што ги собираме нѝ помагаат да имаме најнови податоци за вашите потреби, за да ви укажеме најдобра можна нега.

### Кој друг ги гледа вашите информации?

Вашите информации може да ги видат само професионалните лица од оваа служба, вклучени во вашата нега. Исто така, ние ги користиме тие информации заради подобро организирање и планирање на службата. Инаку, информациите за вас ги откриваме само со ваша согласност или ако законот го налага тоа, на пример, во итни медицински случаи.

### Какви се вашите права да одлучувате што се случува со вашите информации?

Вие имате право да одлучувате што се случува со вашите информации. Ние ги користиме информациите што нѝ ги давате за да нѝ помогнат да ви пружиме соодветна нега. Ваше право е да не нѝ дадете некои информации за вас или да го ограничите пристапот до евиденцијата за вас како корисник на услуги, но тоа може да влијае врз нашата способност да ви пружиме најдобри можни услуги. Разговарајте со нас ако сакате да ја измените или повлечете вашата согласност.

### Како ќе бидат заштитени информациите за вас?

Ние сме посветени да ја чуваме доверливоста на евиденцијата за вас. Приватноста на вашите информации исто така е заштитена со закон. Вашите информации ги чуваме во најстрога доверливост и на безбедно место.

### Дали имате пристап до вашите информации?

Да, вие имате право да барате пристап до вашите информации и, ако е потребно, да барате да бидат внесени исправки.

### Имате ли други прашања?

Ве молиме разговарајте со нашиот персонал ако имате други прашања или поплаки во врска со тоа што се случува со вашите информации додека сте корисник на наши услуги, или ако сакате да ја видите евиденцијатаза вас.

Одобрила и објавила Викториската влада, 50 Lonsdale St, Melbourne.
© Министерство за здравје, јуни 2012 (1206018)

State Government Victoria